centropa

## ***Наставен план за час за филмот: Захор – Запомни***



**Изработен од: Лудвиг Питер**

**Цел на наставната единица (во времетрање од најмалку 2-3 часа):**

♦ Развивање на свест/разбирање за животот на Евреите во Германија како дел од историјата на Германија.

♦ Развивање на свест/разбирање дека секој може да развие слични интереси, без оглед на неговото потекло и религија.

♦ Развивање на свест/разбирање за судбината на Евреите во Германија по 1933 година.

♦ Разбирање на миграциските процеси како дел од минатото и сегашноста – дефинирање на причините и последиците.

♦ Развивање на свест/разбирање на важноста за негување на културата на сеќавање.

♦ Развивање на способност за субјективно разбирање на среќата.

♦ Запознавање со Палестина и Израел.

## ***Животот на Евреите во Германија – Запомнете***

Распоредете ги религиозните симболи во соодветната колона (можни се повеќе одговори).



| ЈУДАИЗАМ | ХРИСТИЈАНСТВО | ИСЛАМ |
|---|---|---|
| | | |

Дополни ја реченицата! Во фудбалот не е важно...

***Животот на Евреите во едно село во Германија***

Поврзете ги информациите од табелата со соодветниот временски период. Фотографиите во прилог ќе ви помогнат во тоа.

| **Пред 1933 г.** | **Хофенхајм** | **По 1933 г.** |
|---|---|---|
| <br><br> | Ноќта на скршеното стакло - Трговско семејство добиток - уништување на еврејското училиште - Железен крст - борба за германската татковина - лоша ситуација - социјална интеграција - депортација - стан во синагога - протерување од општествениот живот | <br><br> |



***<u>Животот на Евреите во Германија - Захор</u>***

*Ќе го запознаете семејството Мајер и нивните животни приказна - тоа е приказната за еврејско семејство од Германија*

**Животот на Евреите - обичаи и традиции**

Рабин - Синагога – Шабат - Јом Кипур – Ортодоксен Јудаизам - Кошер - Тора

Поврзете ги поимите со точните дефиниции.

_______ е хебрејски збор и значи „упатство". Тоа е првиот дел од хебрејската Библија и се состои од пет книги.

_______ е главен правец во современиот Јудаизмот. Пишаната Тора (5 книги на *Мојсеј*) и усната Тора се сметаат за непроменлива Божја реч. Строго се почитуваат еврејските религиозни закони.

______доаѓа од хебрејски и значи „чист". Според еврејските закони за исхрана, дозволено е консумирање на месо од одредени животни (на пример, говедско, овчко, но не и свинско). Млечните и месните производи мора да се подготвуваат посебно и не смеат да се јадат заедно.

_____ е фунција во еврејската религија. Тоа е верска титула. Неговата главна задача е да ги научи верниците за Јудаизмот и за светите списи на Тората. Тој е одговорен за објаснување на божествените закони и традиции и за почитување и правилно применување на заповедите.

_____, соодветниот германскиот збор на него е „Versöhnungstag/-fest", или *Ден на помирување*, и истиот е најважниот еврејски празник.

_____ е седмиот ден од неделата во Јудаизмот. Тој е ден за одмор во кој не треба да се работи.

_____ е зграда која верската заедница ја користи за заедничката богослужба, но исто така и како верско училиште за еврејската заедница.

## ***Животот на Евреите во Германија - Услови, датуми, информации и дополнителен материјал***

### ***Ционизам***

Овој термин се однесува на движење со религиозен и политички карактер, чија што цел е воспоставување на еврејска национална држава во тогашниот регион на Палестина. Движењето се развило во 19 век, меѓу другото како реакција прогоните на Евреите во источна Европа. Оваа цел беше постигната со основањето на државата Израел во 1948 година.

### ***Национален дом за Еврејскиот народ***

По Првата светска војна, *Друштвото на Народите* ѝ го даде на Велика Британија „Палестинскиот мандат" (во минатото оваа област со векови и припаѓала на Отоманската империја).

### ***Семити***

Ова термин се однесува на (историските) народи кои зборуваат семитски јазик. Терминот потекнува од 18 век. Според библискиот мит, Авраам потекнува од семејната лоза на Сем, најстариот син на Ное. Според тоа, во времето на Стариот Завет сите народи од Блискиот Исток кои се сметале себеси за потомци на Авраам биле нарекувани „синови на Сем". Така, Семитите ги вклучуваат Етиопјаните, Еритрејците и Арапите. Во повеќето расни теории Евреите биле нарекувани „семити" затоа што биле семитски народ.

### ***Кибуц***

Кибуц е рурална населба во Израел со заеднички имот. Во буквална смисла на зборот, „кибуц" значи „заедница со поголем број членови".

***Животот на Евреите во Германија - Услови, датуми, информации и дополнителен материјал***

***Антисемитизам***

За „научна“ (но не е и религиозна) поткрепа на антисемитизмот, Семитите беа прогласени за „инфериорна раса“ која не беше способна за независна култура. Од тука потекнува и терминот антисемитизам (антиевреите се нарекувале себеси антисемити). Евреите не се дефинирани како народ и верска заедница, туку псевдонаучно како инфериорна раса.

***Антиционизам***

Ови термин се однесува на спротивставувањето на ционизмот. Сион е името на планината над храмот во Ерусалим. Ционизам значи колективно движење на европските Евреи со цел создавање на своја држава во Палестина. Во современа смисла, овој збор означува непријателски однос кон државата Израел.

***Антијудаизам***

Ова е христијански мотивирано непријателство против Евреите. Обвинението за убиството на Христос игра важна улога во христијанскиот контекст на оправдување: Христијаните тврдат дека Еврејскиот народ е виновен за распнувањето на Христос, бидејќи тие ја барале неговата смрт. Како пример за антијудаистичка појава, може да се наведе антисемитизмот на Мартин Лутер, кој тој го опиша во своето дело "*Von Juden and ihren Lügen*" (*За Евреите и нивните лаги).*

***Животот на Евреите во Германија – еднаквост, прогонство и истребување***

Истражете ги следните датуми и термини на Интернет.



## ***Животот на Евреите во Германија – Задачи***

**А.** Животот на Евреите во Германија денес честопати се поврзува со прогон и смрт. Спротивставете се на овој став и опишете ја позитивната слика за еврејскиот живот во Германија.

**Б.** Штотуку дознавате дека Хајнц и Манфред повеќе не смеат да одат на училиште во Хофенхајм и затоа мораат секојдневно да патуваат во Хајделберг. Во знак на револт организирате протестен марш. Напишете говор во кој остро го осудувате тоа што се случува и кажете го истиот за време на протестниот марш.

**В.** Направете писмо до историчарот Хајнрих фон Трејчке одговарајќи на неговата изјава „Евреите се наша несреќа“ (1879).

**Г.** За жал, сè уште има антисемитски изјави, па дури и напади врз Евреите во јавноста во Европа, вклучувајќи ја и Германија. Опишете го вашиот соодветен одговор што би можеле да го дадете, доколку сте сведоци на тоа.

**Д.** Среќа: а) Што значи среќа за вас? Дефинирајте го терминот според свое видување.

б) Сега обидете се да ја толкувате дефиницијата за „среќа“ анализирајќи ги животните приказни на Хајнц и Манфред Мајер. Како нивните животни приказни се разликуваат од оние на луѓето кои не ги доживеале страдањата од холокаустот.

### ***Животот на Евреите и холокаустот - Хајнц Мајер и неговото семејство***

Дознавате дека Хајнц Мајер редовно добивал писма од неговата мајка до нејзината депортација во Аушвиц.

**А.** Размислете како тој се чувствувал кога ги примал или читал овие писма.





**Б.** Напишете запис во дневникот за емоции и надеж, што можеби Хајнц го водел по добивањето на писмата.

_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________

# ***<u>Захор – Запомни!</u>***

Хајнц и Манфред Мајер, повторно се вратија во Хофенхајм во својот понатамошен живот, но сега како Менахем и Фред.

**А**. Изберете три придавки од дадените подолу, кои го опишуваат нивното враќање во Хофенхајм.

тежок - горд - смислен - љубопитен - важен - депресивен - среќен - надежен - издржан - повлечен

**Б**. Пешачката патека - Менахем и Фред.

Истражувајте ја оваа патека на интернет и направете кратка презентација со сите важни информации за неа.

Menachem & Fred - Wanderweg

***Животот на Евреите во Германија - Хајнц и Манфред Мајер и нивниот живот по 1945 година***

Израел - Хебрејски универзитет - Патување во вселената - Фред Рејмес - Менахем - Семејство - Живот - Франција - Кибуц

Обидете се да ги поврзете горенаведените термини со животот на Хајнц и Манфред Мајер и да ги прераскажете нивниот живот по емиграцијата.







***<u>Животот на Евреите во Германија - 1933-1945 година (од преземањето на власта до холокаустот)</u>***

Животот на Мајерс нагло се промени во 1933 година, кога на власт дојдоа национал-социјалистите. Оттогаш, животот за него како Евреин станал исклучително тежок. Тој станувал сѐ поограничен и поопасен. Подоцна Мајерс и неговиот брат Манфред беа одвоени од нивните родители и депортирани во Франција.

**Направете:**

**А.** .... временска линија (timeline), во која ќе запишете важни датуми и факти за прогонствата и убиствата на Евреите во Европа.

**Б.** .... запис од енциклопедија за прогонот и убиствата на Евреите во Европа со датуми, факти и личности кои ви се познати

*Лично мислење*

Захор е хебрејски збор и значи: запомни

- ⇨ Размислете и дискутирајте за тоа дали и зошто холокаустот никогаш не смее да се заборави. Образложете го вашето мислење.

***<u>Животот на Евреите во Германија - Среќа</u>***

*На крајот од филмот Хајнц Менахем Мајер ги кажува следните реченици: „Тоа беше мојата судбина. Не можам да кажам дали сум среќен. Што е среќа?"*

*Што е среќа за тебе?*
*Зошто Хајнц Менахем Мајер не може да каже дали е среќен?*
*Кои прашања би сакале да му ги поставите на Хајнц Менахем Мајер?*

# *Среќа?*



***<u>Животот на Евреите во Германија -</u>***
***<u>дополнителен материјал за Палестина и основањето на државата Израел</u>***



DER

JUDENSTAAT.

VERSUCH

EINER

MODERNEN LÖSUNG DER JUDENFRAGE

VON

THEODOR HERZL

DOCTOR DER RECHTE.

LEIPZIG und WIEN 1896.
M. BREITENSTEIN'S VERLAGS-BUCHHANDLUNG
WIEN, IX., WÄHRINGERSTRASSE 5.

***Теодор Херцл пишува во 1896 година***

„Мислата [...] е античка. Тоа мисла е е создавање на еврејска држава. Светот одекнува од вревата против Евреите и тоа ја буди заспаната мисла. Управувано од кој било поединец, тоа би било прилично луда работа – но, ако многу Евреи се согласат со тоа во исто време, тоа е сосема логично и нема значителни тешкотии во спроведувањето. [...] Целиот план е бескрајно едноставен во својата основна форма и мора таков да биде за да го разберат сите луѓе. Дајте ни суверенитет на парче земја што ќе биде доволна за да ги задоволи праведни потреби на нашите луѓе, за се друго ќе се погрижиме самите за себе. Заминувањето на Евреите не треба да се замисли како нешто ненадејно. Тоа ќе биде постепено и ќе трае со децении“.

Од: Теодор Херцл, Еврејската држава

**Теодор Херцл** сака своја еврејска држава.

Подвлечете во текстот:

**А.** наведените причини (со сино)

**Б.** можна имплементација (со црвено)

***<u>Животот на Евреите во Германија - дополнителен материјал за Палестина и основањето на државата Израел</u>***



***Теодор Херцл пишува во 1896 година***

„[...] напразно сме лојални, а во некои места и ревносни патриоти, напразно ги правиме истите жртви со имот и крв како нашите сограѓани, напразно се стремиме кон слава во нашата татковина во уметноста и науката; нивното богатство преку трговија да се зголеми. Во нашата татковина, каде што живееме со векови, нè поздравуваат како вонземјани; честопати тоа се лица чии семејства сè уште не беа родени кога нашите татковци воздивнаа. Мнозинството може да одлучи кој е туѓинец во земјата, а кој не е; тоа е прашање на моќ, како и сè друго во меѓународниот свет. Кажувајќи го ова, не оспорувам ниту едно од нашите права зошто истото го правам како поединец без никаков мандат. Во сегашната состојба на светот, а веројатно и понатаму во иднина, моќта е во право. [...]“

Од: Теодор Херцл, Еврејската држава

**А.** Подвлечете делови од текстот кои ја поенцираат тешката состојба на Евреите во Европа кон крајот на 19 век.

**Б.** Потоа, поврзете ги изјавите на Херцл со филмот Захор. Притоа добивте дополнителни информации кои ја појаснуваат оваа тешка ситуација.